**Индикатори за препознавање на сомнителни трансакции поврзани со еколошки криминал и перење пари**

1. Чести и необјаснето големи уплати или трансакции, поврзани со лица или компании кои имаат службена улога во областа на животната средина;

2. Необјаснето зголемување на имот или личен приход кај службени лица кои имаат надлежност во оваа област;

3. Чести исплати/трансакции во значителни износи од компании за рударство, сеча, отпад или експлоатација на природни ресурси кон физички лица или фирми кои немаат очигледна деловна поврзаност и економска оправданост со тие сектори;

4. Компанија користи сложена форма на договори и повеќеслојни подизведувачи, преку кои се вршат финансиски трансакции при што се отежнува следењето на текот на парите;

5. Префрлање на парични средства во значителни износи кон сметки во сопственост на политички екпонирании лица (ПЕП) или нивни блиски роднини/соработници кои имаат надзорна улога во животна средина;

6. Повторливи шеми на плаќања или преноси преку исти царински или транспортни канали, што може да укажува на координирана активност меѓу службеници од животната средина и приватни субјекти;

7. Компании што добиваат јавни договори во сектори поврзани со животната средина (рударство, управување со отпад, енергетика, шумарство, водостопанство, експлоатација на минерални суровини) преку постапки со само еден понудувач или нетранспарентни процедури;

8. Клиенти што редовно добиваат еколошки проекти или субвенции (на пр. пошумување, обновлива енергија, рециклирање), иако немаат релевантно искуство или инфраструктура за нивна реализација;

9. Компании што изведуваат еколошки или „зелени“ проекти со трошоци значително над пазарните вредности или со нејасни цели (на пр. „еколошки консалтинг“, „ревитализација на зелени површини“);

10. Компанија добива државен проект за градежни работи, а рокот за нивна реализација и буџетот постојано се зголемуваат без оправдување и при тоа дел од средствата се префрлени на сметки на блиски лица или офшор компании;

11. Средства од јавен фонд за еколошки проект се исплаќаат кон консултантска компанија, без истата да обезбеди детална документација за услугите при воспоставување или во текот на деловен однос;

12. Се реализираат трансакции на компанија за отпад која постојат негативни информации, вклучително и дека нема одобрение за складирање и транспорт, но добива големи уплати од државни фондови;

13. Компанија основана за транспорт (на дрво) постои само неколку месеци, добива финансии и ги префрла средствата на офшор и други сметки пред да се затвори;

14. Компанија за рециклирање отпад одеднаш прима невообичаено големи трансакции, без реални инфраструктурни или оперативни капацитети;

15. Сопственичко поврзани правни лица со дејност од областа на градежни материјали транспорт на отпад, шума, префрлаат меѓу себе средствата без економска логика или оправданост;

16. Компанија која нема соодветна опрема или доволен број на вработени за извршување на обврските прима невообичаено големи трансакции за транспорт на дрво, што не може да се оправда со реалните капацитети;

17. Лице или компанија за обработка и транспорт на отпад за кои постојат негативни информации купува земјште во близина на реки, шуми или индустриски зони без објаснување (односно места на кои ќе постои можност за злоупотреба на складирање на отппад или нелегална експлоатација) ;

18. Лица за кои постојат негативни информации за поврзаност со намерно предизвикување или искористување на шумски пожари за да се легализира дрвото како „спасено“ и да се продаде по пазарни цени;

19. Лица кои се занимаваат со продажба на дрва нагло ја зголемувааат продажбата или транспортот на дрвни материјали веднаш по шумски пожари или природни катастрофи;

20. Лица кои се занимаваат со поврзани дејности нагло ги зголемуваат количините на купување или продажба на дрва, минерали или други ресурси без јасна економска или легална потреба.